FOKUS
Fraunhofer Institute for Open Communication Systems

# Соопштение за јавност

Скопје
Февруари 2007

**SWEB - Безбеден, мобилен и транс-европски пренос на официални граѓански документи**

**SWEB – Secure, interoperable cross border m-services кои допринесуваат за доверлива и безбедна Европска соработка со не-ЕУ државите од Западен Балкан**

**Fraunhofer FOKUS** е Координатор на пан-Европски проект за меѓу-гранични, безбедни и мобилни е-ВЛАДИНИ сервиси.

## ЕУ-Пилот поврзување на општините низ цела Европа

Под координација на Fraunhofer Institute FOKUS и Универзитетот на Пиреус Грција, овој Европски развојно-истражувачки проект е осмислен и наменет да обезбеди информатичко-комуникациска технолошка платформа која ќе обезбедува ефикасна и безбедна размена на прекугранични е-ВЛАДИНИ сервиси низ цела Европа. Проектот ќе ги тестира и оценува ефектите од нивна примена во седум градови во државите на Западен балкан ( Србија, Албанија, Македонија) и ЕУ: Сиена од Италија и неколку општини во Грција. Проектот е финансиски подпомогнат од ЕУ 6-та Рамковна Програма за истражување и развој. Проектот ќе се реализира во периодот зима 2007 – пролет 2009.

Специфичност на проектот е развој на идна безбедна мобилна технологија( софтвер за мобилни телефони) како надополнување на “eMayor” eGovernment технолошко-софтверската платформа, развиена во предходен проект со идентично име. **“eMayor“ проектот –“Electronic and Secure Municipal Administration for European Citizens”** има веќе успешно реализирана електронска размена на граѓански Сертификати помеѓу две Европски општини со автоматизиран превод на званичните документи во соодветните јазици на ЕУ.

Сегашното проширување на идејата се однесува на овозможување на безбедна комуникација Граѓанин-општина преку мобилни телефони со што ќе се искористи фактот дека користењето на мобилни телефони во државите од Западниот Балкан е во голем подем. За разлика од останатите Европски општини, општините во Западен Балкан се стекнуваат со можност за “ вистински скок“ во полето на мобилни е-ВЛАДИНИ сервиси ( м-сервиси).

“SWEB проектот кој што почнува сега не само што ќе влијае на безбедна интеграција на општините од Западен Балкан во пан-Европските информатичко-комуникациски инфратсруктурни мрежи, туку ќе претставува и модел на решенија за проблемите кои се моментално присатни во постоечките системи на прекугранична размена на официјални документи и сертификати“ коментира Dr. Petra Hoepner, Fraunhofer FOKUS-SWEB Coordinator. Кога зборува за проектот Dr. Hoepner исто така ги нагласува големите предизвици пред кој се наоѓа проектот чие разрешување ќе го отвори патот за интеграција на Западен Балкан во Европската Унија.

Град Скопје
Сектор за информатички технологии и модернизација
Бул. Илинден бб.
1000, Скопје, Македонија
тел. +389 2 3 297 261
WWW.skopje.gov.mk

T&P CONSULTING
Трајковски & Партнери

Св. Климент Охридски 24/2/1
1000 Скопје, Македонија
Тел. 389 2 3123 601
www.TP-Consulting.eu
info@TP-Consulting.eu